Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Бр. 32-13806/2
Датум: 22 .10.2015 година

Министерство за
транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Влада на Република
Македонија
Министерство за
транспорт и врски
Црвена Скопска Општина
бр.4, 1000 Скопје,
Република Македонија

Поштенска адреса
Ул. Даме Груев број 6, 1000
Скопје,
Република Македонија

Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Епошта:info@mtc.gov.mk
Сајт:www.mtc.gov.mk

До: **Горан Лефков**

**Предмет:** **Доставување на решение**

**Врска:** **Наш бр.32-13806/2**

**Ваш бр. Барање за пристап од 25.09.2015**

Почитуван,

Во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решението бр. 32-13806/2 година донесено од страна на Министерството за транспорт и врски во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер од 25.09.2015 година, заведено под број 32-13806 на 25.09.2015 година.

Со почит,

*Прилог: Решение*

**Министер**

**Владо Мисајловски**

Изработил: Татјана Лабовиќ
Одобрил: Држ. сек. Божидар Петроски

Врз основа на член 17 став 5 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14 и 148/15), Министерството за транспорт и врски донесе:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 32-13806 од 25.09.2015 година на барателот Горан Лефков [redacted] СЕ ОТФРЛА.

## Образложение

Барателот Горан Лефков од Кочани до Министерството за транспорт и врски поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 32-13806 од 25.09.2015 година, со кое ја побара следната информација:

„Купопродажни договори од изградбата до сегашниот сопственик на објектот на КП 12072/4.“

Постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, Министерството за транспорт и врски како имател на информации истото го разгледа и констатира дека барањето е непотполно, поради што согласно член 17 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ“ бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14 и 148/15) до барателот достави Известување за дополнување на барање пратено по електронска пошта на ден 29.09.2015 година (веднаш по приемот) и за истото го извести барателот усно по телефон.

Во усното, но и во електронски доставеното известување за дополнување на барање за пристап од информации од јавен карактер, Министерството за транспорт и врски го извести барателот дека е потребно да се наведе градежната парцела која е предмет на продажба, катастарската општина – КО на која се наоѓа градежната парцела, деловодниот број и датум на управниот акт по кои била заведена постапката, име и презиме на подносителот на барање, учесник на постапка и/или деловоден број и датум на склучен договор, име и презиме на купувач односно податоци кои ќе овозможат да се утврди кој е предметниот купопродажен договор.

Барателот, на усното, но и доставеното известување за дополнување на барање по електронска пошта, на ден 02.10.2015 година дојде во просториите на министерството и достави листа во која се наведени бројот на имотен лист, број/дел на катастарска парцела, култура, м2 место, влез кат стан.

Од вака приложениот одговор, Министерството за транспорт и врски како имател на информации констатира дека листата не може да послужи како дополнување на барањето, дека е непотполно, не може да се

разгледува и по истото да се постапува, но и дека барањето не го исполнува условот од членот 16 став 4 од законот согласно кој „во барањето барателот е должен да ја наведе информацијата со која сака да се запознае". Оттука министерството и не може да утврди која е бараната информација и дали располага со информацијата за да истата му биде доставена на барателот, од причина што врз основа на податоци по основ на број на катастарска парцела односно од податоците од листата, Министерството за транспорт и врски не води евиденција ниту пак располага со податоци, односно во случај да се бара активен предмет истиот се пребарува преку број и датум заведен во деловодник кој се води во писарницата на Министерството за транспорт и врски. Додека во случај да станува збор за архивирани предмети, истите се пребаруваат согласно број и датум и правен основ по кој се водел предметот, како и име и презиме на подносител на барањето.

Имајќи го во предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет (15) дена од денот на приемот на ова решение до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 14.10.2015 година под број 32-13806/2 во Министерство за транспорт и врски.

**Министер за транспорт и врски**
**Владо Мисајловски**